# ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВА

**Предметна програма: Меѓународно хуманитарно право**

**Предметен наставник: Марија Миленковска**
marijamilenkovska@yahoo.com
телефон: 02/ 2546-211 локал: 105
кабинет бр. 5

**Фонд на часови: 2 + 1**

**Кредити: 3 кредити**

**Јазик на кој се изведува наставата: македонски јазик**

## Цели (опис) на предметната програма

Целта на овој предмет е студентите да се запознаат со содржината на одредбите од МХП, како и да стекнат потребни знаења и вештини за решавање на практични прашања од областа на Меѓународното хуманитарно право. Тие детално ќе се запознаат со клучните прашања што произлегуваат од МХП за службените лица што го спроведуваат законот во демократските држави, при одржувањето на јавниот ред во ситуација на меѓународни и немеѓународните оружени конфликти. Главен акцент е ставен на Женевските конвенции од 1949 години и Дополнителните протоколи. Меѓутоа, ќе се адресираат и други прашања како начинот на имплементација и дисеминација на МХП на национално ниво и индивидуалната кривична одговорност за повреди на МХП.

## Литература:

Воислав Василески: Меѓународно хуманитарно право во вооружени судири, Скопје, 2002, Антонио Касезе Меѓународно кривично право, второ издание Просветно дело АД-Скопје, 2009 (основна литература)

Владимир Ортаковски, Имплементација на Меѓународното хуманитарно право во Република Македонија, ICRC , Скопје, 2007; Женевски конвенции, 1949; Дополнителни протоколи, 1977. Кес де Ровер, Во служба за заштита. Човековите права и хуманитарното право за полициските и безбедносните сили, Женева, 1998 (дополнителна литература).

## Детална предметна програма

**I. Поим и предмет на МХП**

1. МХП во однос на меѓународното јавно право
2. Предмет и цел на МХП
3. Назив на меѓународното хуманитарно право
4. Посебни карактеристики на МХП
5. Однос меѓу МХП и правото за човекови права
6. Причини за почитување
7. Морална должноста на државата
8. Логичко однесување на државата
9. Афирмација на дисциплината и моралот во армијата
10. Рационална употреба на вооружените сили

11. Реципрочно однесување на противникот и репресалии
12. Обезбедување подршка од цивилното население
13. Идентичен интерес на сите страни во судирот
14. Ефикасно воспоставување на мирот
15. Правна обврска на државата и поединците
16. Одговорност на државата и на поединците
17. Неумесни приговори против МХП

Воислав Василески, Меѓународно хуманитарно право во вооружени судири, Скопје, 2002, стр. 33-49;

## II. Извори и принципи на МХП

18. Извори и развој на МХП
19. Извори на меѓународното право
20. Класични учења и обичајни правила
21. Појава на меѓународни договори
22. Мартенсова клаузула
23. Разликата меѓу „хашкото“ и „женевското“ право
24. Основни принципи на МХП
25. Принципот на воена потреба
26. Принципот на хуманост
27. Принципот на дистинкција
28. Принципот на пропорционалност
29. Принципот на ограничување
30. Меѓународно хуманитарно право и меѓународно право за човекови права

Воислав Василески, Меѓународно хуманитарно право во вооружени судири, Скопје, 2002, стр. 51-77;

## III. Учесници во вооружени судири

31. Страни во вооружен судир. Општи напомени
32. Државата како завојувана страна
33. ООН како страна во вооружен судир
34. НАТО како страна во вооружен судир
35. Организирана фактичка власт на НОБ и на вооружен бунт со признат статус на страна во судир против легална влада
36. Вооружени сили
37. Лица кои учествуваат во непријателските активности. Борци
38. Командоси. Дезертери. Шпиони. Парламентари. Платеници

Воислав Василески: Меѓународно хуманитарно право во вооружени судири, Скопје, 2002, стр.119-148.

## IV.Заштита на ранети и болни и на медицинскиот персонал, единици и средства

39. Ранети и болни
40. Медицински единици и транспортери
41. Медицински персонал
42. Улогата на цивилното населени и друштвата за помош
43. Обележување
44. Маскирање на санитетски единици

Воислав Василески, Меѓународно хуманитарно право во вооружени судири, Скопје, 2002, стр. 225-235;

**V. Статус, улога и заштита на верскиот персонал**

45. Право на вероисповед
46. Правна положба и улога на верскиот персонал
47. Заштита на свештени лица
48. Задржани воени свештеници

Воислав Василески, Меѓународно хуманитарно право во вооружени судири, Скопје, 2002, стр. 237-246;

**VI. Заштита на воени заробеници**

49. Воени заробеници и нивна општа заштита
50. Почеток на заробеништвото
51. Сместување и услови во логор за заробеници
52. Работа и парични средства
53. Односи со властите и надворешниот свет
54. Дисциплинска и кривична одговорност
55. Институции за заштита и помош
56. Престанок на заробеништвото

Воислав Василески, Меѓународно хуманитарно право во вооружени судири, Скопје, 2002, стр. 247-264;

**VII. Заштита на цивилни лица**

57. Дефиниција и општа заштита на цивилните лица
58. Заштита од борбени дејства и мерки на претпазливост
59. Цивилна заштита
60. Хуманитарна помош
61. Постапување со странци – непријателски цивили
62. Заштита на жени. Заштита на деца
63. Статусот на бегалците
64. Заштита на новинари. Исчезнати и умрени лица

Воислав Василески: Меѓународно хуманитарно право во вооружени судири, Скопје, 2002, стр.265-292.

**VIII. Права и обврски на окупаторска сила**

65. Поим и карактеристики на окупацијата
66. Правен поредок на окупираната територија.
67. Општи забелешки
68. Законодавството
69. Положбата на јавните службеници, полицијата и судовите
70. Надлежни судови и кривична одговорност
71. Однос кон цивилното население
72. Однос кон имотот на окупираната територија
73. Јавен имот
74. Приватен имот
75. Престанок на окупацијата

Воислав Василески: Меѓународно хуманитарно право во вооружени судири, Скопје, 2002, стр.293-311.

**IX. Внатрешни вооружени судири и хуманитарна заштита**

76. Општи карактеристики на внатрешни вооружени судири
77. Став на Повелбата на ООН
78. Посебни правила на МХП за внатрешни вооружени судири
79. Хуманитарна заштита според Женевските конвенции
80. Заштита според Протоколот II
81. Проблеми за примена на хуманитарана заштита

Воислав Василески: Меѓународно хуманитарно право во вооружени судири, Скопје, 2002, стр.313-336.

**X.Внатрешни безбедносни операции**

82. Внатрешни немири и затегнатости
83. Употреба на вооружени сили
84. Правни рамки на операциите
85. Употреба на сила и огнено оружје
86. Растурање на јавни собири и демонстрации
87. Лишување од слобода и задржување на лица
88. Цивилно-воена соработка

Воислав Василески: Меѓународно хуманитарно право во вооружени судири, Скопје, 2002, стр.337-347.

**XI. Спроведување на МХП**

89. Дисеминација и имплементација на национално ниво
90. Инкорпорациј ан МХП во службата на полицијата
91. Интеграција на МХП во Армијата
92. Меѓународна апликација на МХП
93. Улогата на силата заштитничка
94. Меѓународен комитет на Црвениот крст

Воислав Василески: Меѓународно хуманитарно право во вооружени судири, Скопје, 2002, стр. 475-503.

**XII. Одговорност за повреди на МХП**

95. Меѓународна одговорност на државата.
96. Политичка одговорност
97. Одговорност на државата за причинета штета.
98. Правен основ и услови за одговорност.
99. Меѓународна пракса

Воислав Василески: Меѓународно хуманитарно право во вооружени судири, Скопје, 2002, стр. 505-516.

**XIII.** Развој на меѓународната кривична правда

100. Версајски мировен договор.
101. Меѓународен воен суд во Нирнберг
102. Хашкиот ad hoc трибунал за злосторства во поранешна Југославија

103. Меѓународен кривичен суд
104. Меѓународни кривично-правни обврски на државата
105. Индивидуална кривична одговорност
106. Посебна одговорност на воените старешни

Воислав Василески: Меѓународно хуманитарно право во вооружени судири, Скопје, 2002, стр.516-538

## Начин на оценување:

| **Активности** | **Бодови** | **Вид на активност** |
|---|---|---|
| Завршен испит или два колоквиуми | 0 - 80 бодови | Задолжителна |
| Присуство и активност на предавања и вежби | 0 - 10 бодови | Активност на предавање и вежби незадолжителна и за редовни и вонредни студенти. Присуство на предвања и вежби незадолжителна за вонредни студенти. За редовни студенти види објаснување подоле |
| Самостојна (домашна ) работа – есеј | 0 – 10 бодови | Незадолжителна |

## Активности: дополнителни информации

### Колоквиуми

Доколку полагањето се врши преку колоквиуми, тогаш студентот полага два колоквиуми, а оценувањето на колоквиумите се врши со поени од 0 до 80; за полагање на соодветниот колоквиум потребно е да се освои минимум 41 поен, притоа за формирањето на оценката се зема просечниот број поени освоени на двата колоквиуми. Доколку студентот не го положи првиот колоквиум, истиот може да го полага уште еднаш на поправен колоквиум организиран надвор од термините за настава. Студентот има право да полага втор колоквиум доколку го има положено првиот колоквиум. Доколку студентот не го положи вториот колоквиум, истиот може да го полага само уште еднаш, и тоа во првиот нареден испитен рок (Студентите запишани заклучно со студиската 2017/2018 година, имаат право да го полагаат вториот колоквиум во сите испитни рокови во тековната учебна година, до евентуалното повторно запишување на предметот).

### Присуство на предавање и вежби

Редовниот студент може да отсуствува од предавања или вежби најмногу три пати (оправдано и/или неоправдано) во текот на семестарот, во спротивно нема право на полагање на предметот преку колоквиуми. Наставата се одвива преку еден вид на комбинација на класични предавања, интерактива настава, консултации и индивидуална и групна работа со студентите. На часовите се поттикнува кртичко мислење, дискусија и анализа. Индивидуалната работа, активност и партиципација на студентите во активностите и задачите што се изведуваат на часовите (анализа и симулација на случаии, дебати и др.) особено се поттикнуваат, охрабруваат и вреднуваат.

### Самостојна (домашна) работа – есеј

Самостојната (домашна) работа - есеј е дополнителна, незадолжителна активност. Студентот самостојно работи во текот на семестарот/годината на една тема од областа на меѓународното

договорно право за којашто самиот ќе се одлучи. Во секоја испитна сесија во текот на академската година, пред терминот за испит, ќе биде даден термин во којшто студентот во присуство на наставниот или соработнички кадар ке ја изработи дополнителната активност на темата што ја избрал и самостојно се подготвувал. Самостојната (домашна) работа-есеј носи од 0 до 10 бодови. За сите дополнителни информации во однос на испитниот режим и начинот на оценување консултирајте ги важечките правни акти на Универзитетот односно Факултетот.

## Оценка

од 0 до 50 поени: оценка 5 (пет)
од 51 до 60 поени: оценка 6 (шест)
од 61 до 70 поени: оценка 7 (седум)
од 71 до 80 поени: оценка 8 (осум)
од 81 до 90 поени: оценка 9 (девет)
од 91 до 100 поени: оценка 10 (десет)

Доколку при утврдувањето конечен број поени се појават децимали, се врши заокружување на бројот на следниов начин: ако првата децимала е помала од 5 се заокружува претходниот цел број, а ако истата е еднаква или поголема од 5 се заокружува следниот цел број. Стекнатите поени по основ на присуство и активност на предавања и вежби важат само до евентуалното повторно запишување на предметот. Правото на стекнатите поени од другите активности (семинарски трудови, проекти, менторство и др.) останува и доколку студентот повторно го запише предметот.

## Укажување

За подетални информации, за правата и обврските на студентите, како и за начинот на студирење и оценување консултирајте ги:
Закон за високо образвание објавен на официјалниот веб сајт на Министерството за образовани;
актите на УКЛО, објавени на официјалниот веб сајт на Универзитетот; и
актите на Факултетот за безбедност, објавени на официјалниот веб сајт на Факултетот.